MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1211/1
19.02 год. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3104/1 од 12.06.2019 година на подносителот --------------------------- од ---------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ/елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3104 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3104/1 од 12.06.2019 година.

Предметот со број 12-3104 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-3104 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 3104/1 од 12.06.2019 година, од познат подносител, физичко лице – ------------------------------ од --------------.

Со пријавата се изразува незадоволство од односот на ---------------------- спрема подносителот на пријавата како кандидат за вработување, а поврзано со неговиот профил за аплицирање при вработување и со, од негова страна, прикачената документација кон профилот за вработување по однос на што истакнува наводи и за неовластена замена и отстранување на прикачените документи – докази во постапките за вработување, од страна на непознати лица.

Истовремено, со пријавата се изразува незадоволство спрема ----------------------, односно уредникот на списанието ---------------- во врска со необјавување на текст на подносителот на пријавата во ова списание, како и незадоволство поради нереализиран ангажман на подносителот - за превод на литература од -------------- јазик. Пријавата содржи и други наводи кои се однесуваат на извршени физички напади врз подносителот, за кои од содржината на пријавата произлегува дека, по однос на истите, постапувале надлежните ------------- служби и органи.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Пријавата не содржи наводи за конкретни коруптивни дејствија по однос на конкретни службени лица од --------------, ниту се наведува за кои точно постапки – јавни огласи за вработување се работи. Наводи за конкретни коруптивни дејствија по однос на конкретни службени лица не се содржани ниту во останатиот дел од пријавата.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службени – избрани и именувани лица.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 1211 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. 12-1211/1
19.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

## **Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3104/1 од 12.06.2019 година на подносителот Игор Поп Трајков од Скопје се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ/елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3104 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3104/1 од 12.06.2019 година.

Предметот со број 12-3104 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-3104 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 3104/1 од 12.06.2019 година, од познат подносител, физичко лице – Игор Поп Трајков од Скопје.

Со пријавата се изразува незадоволство од односот на Агенцијата за администрација спрема подносителот на пријавата како кандидат за вработување, а поврзано со неговиот профил за аплицирање при вработување и со, од негова страна, прикачената документација кон профилот за вработување по однос на што истакнува наводи и за неовластена замена и отстранување на прикачените документи – докази во постапките за вработување, од страна на непознати лица.

Истовремено, со пријавата се изразува незадоволство спрема Кинотеката на Македонија, односно уредникот на списанието "Кинопис" во врска со необјавување на текст на подносителот на пријавата во ова списание, како и незадоволство поради нереализиран ангажман на подносителот - за превод на литература од бугарски јазик. Пријавата содржи и други наводи кои се однесуваат на извршени физички напади врз подносителот, за кои од содржината на пријавата произлегува дека, по однос на истите, постапувале надлежните полициски служби и органи.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Пријавата не содржи наводи за конкретни коруптивни дејствија по однос на конкретни службени лица од Агенцијата за администрација, ниту се наведува за кои точно постапки – јавни огласи за вработување се работи. Наводи за конкретни коруптивни дејствија по однос на конкретни службени лица не се содржани ниту во останатиот дел од пријавата.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службени – избрани и именувани лица.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 1211/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска, Советник


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk